# 21 начин да умреш

ПРЕВОД: ИСКРА БАДЕВА

**Сара Енгел**

САКАМ КНИГИ

Англија, 2010 година: Петнаесетгодишната Холи Гроган скока од мост на автопат по малтретирање во сајберпросторот. Умира неколку часа по падот од повеќе од десет метри.

# ПОГЛАВЈЕ 1

Тешко е да се сними звукот на снегот што паѓа. Секогаш кога ќе помислам дека го имам, вниманието ми го одвлекува удирањето на басот од внатрешноста на салата за забави. Можеби снегот нема звук? Сигурно некој напишал песна за тоа. Не можам да се сетам како се вика. Ни нозете не си ги чувствувам. Глупаво е да се клечи надвор, само во патики и костим на дух.

Налет на ветар го турка снегот и се обидува да ме покрие како што ги покрил игралиштето, кутијата со песок и корпите за отпадоци. Во воздухот над мене се собираат капки вода и добиваат стаклени рабови. Воздухот фучи во училишниот двор и ме удираат по лицето низ трите дупки кои треба да ми обезбедат преживување во костимот.

Од другата страна на металната ограда има фрагменти од Кристијансхавн, улични светилки и божиќни свеќници зад полуспуштени ролетни. Камион брмчи по улицата Принсесегаде. Светлата го осветлуваат снегот, а снегот крцка под гумите. Крц-крц. Потоа повторно е тивко.

Го држам телефонот во воздух и го штитам со другата рака за да не се намокри. Снегулките се таложат на задниот дел од мојата рака. Ситни кристали со ѕвездени краци.

Амалие: Зошто такво shitface[1]? Дали си премногу фина за забавата?

---

1 Што си се намуртила? (англ.) (Оваа и сите други забелешки во книгата се од преведувачката.)

Снегулките стојат еден краток момент на екранот пред да се стопат. Ги бришам со работ на костимот и ја зачувувам аудиоснимката во архивата, иако не знам за што ќе ја користам ако никогаш повеќе не правам музика.

Амалие: Што е, не можеш да се справиш што луѓето зборат со тебе? Затоа што секогаш бегаш?[2]

Уште еднаш се нервирам што телефонот ми е подарок од мајка ми, па не можам да го треснам од земја. На Амалие ѝ е сеедно што ја игнорирам. Продолжува, како снегот, а јас само ја влошувам работата со тоа што седам овде и сум чудна.

Амалие: Лесно е да дрдориш кога пливаш во пари, а стариот твој средува сè – но ти НИШТО не можеш!!!

Барем денес се задоволува само со пораки. Мразам кога објавува на Фејсбук каде што може да види целото одделение. Целиот свет, ако сака.

Пред да ме избркаат, помогнав да се создаде нашата заедничка страница: *Chr. Skoles bedste klasse*[3]. Тоа е затворена група, така што наставниците не можат да видат што се случува. Амалие ме избриша како администратор, па сега таа суверено одлучува. Таа може да покани кого сака и да напише што било во секое време. Да направи анонимни анкети за секакви малоумности. Како, на пример, дали сум *неталентирана wannabe рок-ѕвезда*[4]. Што 98 % мислат дека сум.

Требаше да ја напуштам групата уште кога станавме непријатели. Или поточно: Амалие почна да се однесува како непријател со мене. Ама полоша е помислата дека ми пишуваат зад грб. Сакам да знам што се случува. Што се

2 Искористен е разговорен стил за да го одразува оригиналот и начинот на зборување на тинејџерите.

3 Најдобриот клас во школото во Кристијансхавн.

4 Неталентирана девојка што се замислува дека е рок-ѕвезда.

крие зад демонстративната тишина што се шири во училницата штом ќе го пречекорам прагот од училницата. Два месеци класот главно зборуваше за мене само во трето лице. Постојам во сајберпросторот, но не и во реалноста. Сите како еден се кикотат и тропаат кога ќе поминам. Групата на Фејсбук е мала пукнатина кон светот од кој повеќе не сум дел. Клучалка низ која можам да погледнам за да видам дали треба да бидам уште повнимателна отколку што веќе сум.

[Фејсбук] Амалие: Сите што ќе го видат ова: Стела е гадна курва, па за ваше добро држете се подалеку од неа. Слободно споделете!

Понекогаш мислам дека таа може да ми ги чита мислите. Ми олесна што пишуваше пораки, но потоа се логира и на Фејсбук. Сега коментарот е на *Chr. Skoles bedste klasse*, каде што не можам да го избришам и каде што може да го види целото одделение. Ги чувствувам нивните очи дури и кога сум сама. Очите се насекаде, како снегулките, а јас исчезнувам. Вербата во себе исчезнува. Убеденоста дека ова е само фаза и наскоро ќе помине.

Во деновите кога сум највознемирена, размислувам да одам целосно офлајн. Да ги исклучам телефонот и компјутерот и никогаш повеќе да не ги вклучам. Тоа би било најлесно: да му се покаже среден прст на сајберпросторот еднаш засекогаш. Но не можам. Затоа што тоа е единственото место каде што тој ме контактира. Оној што сè уште не знам кој е.

What doesn't kill you makes you stronger. Она што не те убива, те прави посилен. Телефонот свети и вибрира во мојата рака. Се јавува Амалие. Гледа во мене со сини очи и формира срце со рацете. Одамна беше тоа.

На почетокот ги имав *Адема*[5] како рингтон бидејќи нивните текстови се поблиску до вистината: What doesn't kill us makes us die. Од она што не нè убива – умираме. Триумфот во погледот на Амалие кога ми зазвони телефонот

5 Adema (англ.) - Американски рок-бенд

за време на одморот ме натера да се префрлам на *Theory of a Deadman*[6]. Главниот пејач има длабок, лут глас што го олеснува игнорирањето на повиците: I won't be no fool for you any longer. What doesn't kill you makes you stronger. Повеќе нема да ја губам главата поради тебе. Она што не те убива, те прави посилен.

Тропкам во ритамот на задниот дел од телефонот додека ја гледам Амалие во очи. Фотографијата е направена со мојот телефон и е малку зрнеста бидејќи е направена во темница. Таа со устата формира бакнеж.

Мелодијата прекинува на средината од рефренот. Станува тивко. Устата што бакнува исчезнува од екранот и се заменува со текстот *пропуштен повик.* Како по правило, ништо не зборува. Ниту ако одговорам на повикот, ниту на телефонската секретарка ако не одговорам. Ако ѝ одговорам, слушам само тишина, можеби некои придушени вдишувања или потиснато кикотење. Не знам дали е паметно да се игнорираат повиците. Дали таа најпосле ќе се откаже. Или ќе смисли нешто уште полошо.

[Фејсбук] Амалие: Таа е backstabber, ми зари нож во грб. Мислам дека никогаш не сме биле другарки!

На Фејсбук не постои *пропуштен повик*. Сè си останува таму засекогаш. Дури и кога ќе бидам мртва, објавите ќе си постојат. Дигитална надгробна плоча на која секој може да пишува.

Ја исправам устата на костумот за духови за да можам полесно да дишам. Синтетичката ткаенина ми се лепи за лицето, влажна е од топлината на телото и стопениот снег. Понекогаш ја мразам сопствената морбидна смисла за хумор. Се разбира, Амалие не ја разбра симболиката. Потребни се вистински мртви луѓе за тоа. Како девојката од Англија од Мајспејс. Меган Мајер. 14 години.

Таа се обеси во својот гардеробер со розов пластичен појас околу вратот. Следниот ден стана најпопуларната

6 Theory of a Deadman (англ.) - Канадски рок-бенд

девојка во класот. Меморијалните страници добија неколку илјади лајкови. Исто така и од насилниците. Откако ја излудија и ја натераа да се убие, пишуваа *miss U, RIP, ни фалиш, почивај во мир* и мали срциња направени од знаци за помало и тројки.

На тоа мислам под *вистински* мртов, а не само костим за духови.

[Фејсбук] Амалие: Таа уништи сѐ. Сѐ

Малку ги кревам ракавите на костимот, трипати притискам „прашалник“ и ја праќам мојата порака. Се надевам дека тоа ќе ја тргне од Фејсбук.

Стела: ???

Амалие: Не моеш да прочиташ што се случува

Амалие: Само си факинг глупава! Као

Стела: Зошто?

Амалие: Мислиме дека си. Океј? Окииииии?

Стела: Кој мисли дека сум глупава?

Амалие: СИТЕ

Стела: :’-(

Амалие: Да, гадна губитничке

Амали: Не можеме да те поднесеме

Амали: Мислиш дека си нешто, но треба да умреш!

Ги стискам очите. Снегот паѓа околу мене и посакувам да немав глупав чаршаф врз главата, туку да бев *вистински* дух. Да бев проѕирна и бестежинска како празна пластична кеса носена од ветрот. Да лебдев високо над училишниот двор и повеќе да не ги чувствував мачнините и чувството на печење во грлото.

Ништо не успеа. Реков извини, плачев, ветив сѐ и сешто и отсуствував од училиште, иако се плашам татко ми да

не дознае. Само за да не привлекувам внимание и за да ѝ покажам дека таа победила. Дури бегам од музичко, иако ми е омилен предмет и нешто на што се радував. Сега тоа ми е еден од најлошите предмети според оценките. Секој пат кога ќе се соземам и ќе се појавам, ми се смеат затоа што нервозата оневозможува да ги погодам жиците на гитарата или да ми излезе звук од грлото.

Само тоа ја насмевнува. Глетката како полека се распаѓам.

Амалие: Не го кажувам тоа само онака. Сфаќаш ли?

Заборави, Амалие. Отсега натаму, ќе се држам до мисијата да се преправам дека ништо не се случува. Мисија жив мртовец.

Амалие: ДАЛИ СФАЌАШ??!

Клик. Го исклучувам разговорот и го проверувам часовникот на телефонот. Само осум и пол е. Има два и пол часа додека не дојде татко ми да ме земе. Посакувам да можев да му се јавам, но не можам да го поднесам начинот на кој ќе ме гледа. Како да се плаши дека веќе *сум* скршена.

Исто како мајка ми.

Амалие: Алооооо !!

Екранот светнува во мракот. Го исклучувам екранот, го исклучувам звукот и го ставам телефонот во џебот од панталоните.

Нозете ми трпнат кога станувам. Костимот на дух стана потемен долу. Стојам со спуштени раце покрај мене и гледам во целата белина. Ниската зграда со тоалетите за девојки. Шупата за алат на чуварот. Нишалките каде

што јас и Амалие седевме кога врнеше дожд и сето тоа го имавме за себе. Целиот двор, целиот свет, целата иднина.

Понекогаш шверцуваше ред бул или пушеше на училиште. Тогаш седнувавме на нишалките, стапалата ни висеа во воздух и му покажувавме среден прст на германски јазик и математика и на смртно болниот нормален живот што и онака не требаше да го живееме. Се натпреварувавме во нишање. Сè повисоко. Во крвта ни течеше кофеин, а во ушите ни одекнуваше смеата на другата и додека седев на гумата што чкрипеше, го заборавав тоа дома.

Заборавав дека има и несреќни краеви.

Сега нишалките мируваат. Снег има на црните гуми и на дрвениот држач. Јас сум единствената во училишниот двор. Снегот навлезе низ моите гумени чевли и во моите чорапи. Ги чувствувам како леплив папиемаше со лепак за дрво и ледена вода од чешма. Воопшто не сакам да бидам овде, но кога татко ми ја виде поканата во ѓубрето, ја зеде и рече дека е важно да излезам. Дека морам да живеам, иако мајка ми е мртва. „Поминаа четири месеци откако те видов како се смееш“, рече тој. „Треба да мислиш на нешто друго. Да се забавуваш со твоите пријатели.“

Не можев да се натерам да објаснам како ми е на училиште. Тој има доволно работи на кои треба да мисли. Освен тоа, се срамам. Од тоа што сум онаа која е изоставена. Татко ми мисли дека сум борец, исто како што беше мајка ми. Тој не знае дека секој ден мислам на смртта.

Екранот на телефонот светнува кога го допирам. Го бришам со палците додека гледам во часовникот. Не можам да стојам овде и да зјапам два и пол часа.

Неволно, гумените чевли се лизгаат по дебелиот слој снег. Се наведнувам и ги истегнувам прстите додека се враќам кон главниот влез, назад на забавата од која штотуку избегав. Длабокиот бас се провлекува низ пукнатините на училиштето и влегува во моето тело: дум-дум-дум-дум.

Вратата на салата е покриена со крвав банер со црвени отпечатоци од раце и текст *KEEP OUT*[7]. Крцка како пластика додека го тргам настрана и влегувам.

7 Забранет влез

Подот вибрира од басот. Има вештачки пајаци и насмеани черепи, а и останатите од класот сè уште носат маски. Се вртат кон мене. Лица покриени со латекс, силикон, темни секачи и големи огледални очила со лилјак. Ги игнорирам нивните погледи. Јас сум бел чаршаф, лебдам десетина сантиметри над дрвениот под. Смрт.

Лебдам до долгата маса за послужување, но целата храна е исчистена. На црната покривка има картонски написи што претходно се наоѓаа во чинии и садови: *мозоци на стаорци, детски прсти, расипани заби*. Се каам што не јадев повеќе кога конечно имав шанса да земам пристојна храна. Садовите со бонбони се веќе празни. Празни се и садовите за чипс. Во едниот има отсечена рака.

Барем има сок. Шишињата се обоени во бордо и се чуваат во череп со црни отвори за очи. Избирам такво што личи на сок од малина. *Вампирска крв* пишува на етикетата. Го отворам и отпивам голтка.

Амалие постојано ме гледа. Таа го претставува ангелот на смртта во тесен, црн лакиран фустан со џиновски крилја од пердуви на грбот и широк готски чокер. Нејзината бланширана коса е украсена со црни прамни вештачка коса и собрана во висока пунџа на темето. Не можам да ѝ го видам лицето, само сините очи што светкаат кон мене низ црната маска. Телефонот ѝ е во рака.

Исто и на Николине. Таа седи на маса со црни лакирани чизми кои се нишаат под неа. Предизвикувачката ѓаволска облека има длабоко деколте и одговара на нејзината црвена тапирана коса. Пегите се скриени под дебел слој шминка, а сјајните вештачки трепки отежнуваат да се препознае дали ме гледа или не.

Ја земам мојата вампирска крв и седнувам на столот до ѕидот. Портокаловите и жолти зраци светлина се провлекуваат низ подиумот за танцување. Филипа и Луси се облечени како вештерки. Капите им се црни и шилести, а под фустаните кренати на бутовите се наѕираат жартиери. Тие танцуваат со Дракула и Дарт Ведер, односно Емил и Јанус. Филипа ме забележува и сигнализира *дали си океј?* Наздравувам со шишето и отпивам голтка. Луси го следи

погледот на Филипа и двете гледаат во мојот влажен костим, Луси згадено, Филипа со сожалување.

Пред нив Емил и Јанус престануваат да танцуваат. Тие исто така ги вртат главите и ме гледаат. Емил има вампирски заби и посакувам да ги зарие во мене. Да ги вкопа во мојот врат, токму таму каде што кожата е најчувствителна. Но, се разбира, тој само продолжува да танцува со другите, а јас седам со мојата вампирска крв и се чувствувам глупаво што сум задишана и вратот ми гори.

Порано ќе истрчав на подиумот за танцување. Тогаш јас и Амалие бевме пријателки и забавите беа забавни. И јас ќе бев таму кога ќе настапуваше бендот, а Емил ќе застанеше пред сцената, во првиот ред и немаше да го тргне погледот туку ќе гледаше право во мене кога ќе го кренев погледот од гитарата.

Сè уште го чувствувам напливот во моето тело кога го имам неговото внимание. И лутината кога после концертот морав да се однесувам незаинтересирано затоа што знаев дека Амалие има предност. Имавме договор дека можеш да резервираш тип ако прва гласно кажеш дека си заинтересирана. За жал, Амалие беше првата што го посочи Емил. Добро е што таа никогаш не успеа да го добие, иако се обидуваше во поголемиот дел од осмо одделение, но заборавивме да ставиме временско ограничување на нашиот договор, па тоа остана. Никогаш не го споменав. Не се осмелив. Можеби уште тогаш чувствував дека ако ѝ стапнам на плускавец, целиот пекол ќе се сруши врз мене.

Сега е предоцна. Класот е поделен на *мене* и на *нив*. А Емил припаѓа во *нив*.

Музиката се менува во Кели Кларксон и Луси квичи од возбуда. Таа ги прегрнува Емил и Филипа и заедно со Јанус скокаат во тесен круг. Дракула, Дарт Ведер и две вештерки со шилести капи.

Додека танцуваат, Филипа повторно ми го фаќа погледот, овој пат бегло. Нашиот таен контакт со очите обично ме теши, но не и денес. Не додека танцува со Емил. Се обидувам да гледам во нешто друго, но мојот поглед продолжува да се враќа назад кон нив.

Филипа е единствената другарка што ми остана во класот. Последната што сѐ уште ми зборува, но само тајно, на места каде што не можат да нѐ видат, кај школските шкафчиња, бараката за велосипеди и дома една кај друга. Се плаши да не излезе од кликата, некако го разбирам тоа. Сепак секој ден се надевам дека ќе ме одбрани и нема да го напушти нашето пријателство, без оглед на последиците.

Брр-брр, вибрира под мојот костим на дух. За дел од секундата се надевам дека е татко ми, дека тргнал. Но дури и додека го вадам телефонот од џебот, знам дека повторно паднав во стапицата.

Амалие: Зошто едноставно не си одиш дома? Никој не сака да те погледне

Размислувам за различни одговори, но не можам да се натерам да напишам ниту еден. Полесно е да се преправам дека не е ништо. Да се избрише пораката, да се избришат чувствата, да исчезне мисла по мисла додека не остане ништо друго освен коски и рамнодушност.

Најдов 21 начин.

21 начин да си го одземам животот.

Копирав идеи и процедури од интернет и ги зачував во шифриран документ на мојот лаптоп. Не сакам да завршам како билка или да не ми успее, па да испадне дека само сум барала внимание. Тоа мора да биде сигурен начин. Како „Esc“ на тастатурата. Ми се допаѓа таа замисла. Идејата да се притисне на копче и да се исчезне како треперлив блесок на светлина на екранот.

Секојпат кога не можам да заспијам, лежам осветлена од бледата светлина на екранот и читам за кршење на пршлените на вратот, за цевки од пиштоли кои гребат по непцето и за миење на мозоци од ѕидовите. За телата кои паѓаат на асфалтот.

Наутро имам гадење и не можам да го погледнам татко ми во очи. Единственото на што помислувам е да одам

до гробот на мајка ми и да кажам извини. Затоа што ѝ ветив дека ќе бидам силна.

Амалие: Колку можеш да бидеш сноб? Сериозно!!

Морам да се потрудам да не гледам натаму. Да се преправам дека не добив никаква порака. Да го кренам сокот до моите усни и да отпијам голтка без да ми се тресе раката и да се потурам.

Мислите за смртта започнаа кога мајка ми се разболе. Ги чувствував физички, како стомачна болка која не поминува. Како да се разболев од неа, но таа беше единствената што отиде во болница, а кога почина во јуни, таа беше единствената што најде мир.

Два месеци подоцна ја изгубив и Амалие, а мислите за смрт се влошија. Отпрвин можев да ги замолчам со мојата гитара, но колку повеќе бев исклучена на часовите, толку повеќе ја губев желбата да правам музика. Сега сосема престанав, а исто така помина и долго време откако сум била на концерт. Плејлистите во мојот телефон се единствената музика што остана.

Тие не свират на училишните забави. Пуштаат *Американски идол* и Филипа и Луси пеат. Танцуваат нешто слично на канкан, а Луси скока на грбот на Емил. Емил галопира низ подиумот, а Луси му потскокнува на грбот додека се смее.

Амалие и Николине седат покрај прозорците свртени кон училишниот двор и шепотат. Повремено ме гледаат.

21 начин, си мислам. Само треба да изберам еден и да го спроведам.

Завршува песната на Кели Кларксон, а тишината е уште полоша. Се чувствувам како да има џиновска стрела која покажува кон мене. Амалие и Николине престануваат да шепотат. Само очите се движат како да бараат некого, дали некој слушнал нешто што не треба. *Некој* секако сум јас. Што е малоумно, затоа што и онака за две секунди ќе ми го пишат тоа: *Здраво Стела, знаеш ли дека си никаква*

*и неталентирана и треба да му направиш услуга на универзумот со тоа што ќе се убиеш?*

Ѕидот зад мене е студен и груб. Црните балони се движат како духови на провевот од под прозорците. На масата со сокови има високи вазни со пластични рози црни како јаглен, обвиткани во пајакови мрежи. Се концентрирам на тоа да не гледам никого. Да не се движам. Да не постојам.

Потоа, за среќа, музиката повторно започнува. Бијонсе овој пат. Не е многу подобро. Освен што Амалие и Николине престануваат да зјапаат.

На подиумот веднаш има раздвижување. Така е и со мојот телефон. Чувствувам како вибрира како лута оса во мојот џеб. Кога ја погледнувам Амалие, таа сè уште пишува. Отпивам голтка вампирска крв и се однесувам како ништо да не се случило. Со текот на времето станав добра во тоа. Повеќе не смее да ме види како плачам.

Кога телефонот повторно вибрира, не реагирам. Гледам во подиумот без да видам нешто. Дури и се нишам на едната нога на срањето од музика и се преправам дека сум многу преокупирана со забавата од која не сум дел.

На работ од сцената, Чам и Марк седат наведнати над телефон со футрола на Спајдермен. Марк е облечен како зомби, а Чам како Џокер од филмот за Бетмен *The Dark Knight*. Главите им се пикнати во екранот. Се смеат. Немам поим колку момците ги следат работите. Најчесто мислам дека не им е грижа, но понекогаш и тие пишуваат малоумни работи за мене на Фејсбук или ги лајкнуваат објавите на омраза на Амалие. Можеби затоа што им е досадно, можеби за да освојат евтини поени кај прекрасниот ангел на смртта.

За среќа, Емил никогаш не го направил тоа. Тој е единствениот што Амалие го почитува и мило ми е што не може да го привлече. Спротивно на тоа, тој никогаш не ме поддржал, па можеби мисли дека и двете сме еднакво смешни.

И тоа не е важно, си велам. Сето тоа не е важно, бидејќи јас сум невидлива. Лебдам над столот. Веќе исчезнувам.

Вратата од салата се отвора и влегува Хенинг со две кеси чипс во секоја рака. Ги полни празните чинии и во раката собира неколку капачиња од сок. На главата има пластична капа со два црвени рога. Ги фрла капачињата во канта и одмавнува со главата смеејќи се додека Филипа се обидува да го повлече на подиумот за танцување.

Ми го фаќа погледот. Ми мавнува.

*Не доаѓај овде. Немој...*

„Па“, вели тој. Дојде.

Црвените рогови светкаат. Амалие уште повеќе зјапа во мене. Можам да ја почувствувам дури и ако не погледнам натаму.

„Нема ли да танцуваш?“ вели Хенинг.

„Не, фала.“

„Не е по твој вкус музиката, претпоставувам.“

Замавнувам со раката од една страна на друга.

Тој се смее.

Амалие ја фаќа Николине под рака. Тие си шепотат нешто додека гледаат кон мене.

„Да се качиме горе и да пуштиме нешто друго?“ вели Хенинг.

„Можеби малку подоцна.“

„Прошверцував рок.“ Ми намигнува и се тапка по џебот.

Амалие и Николине чекорат низ просторијата и застануваат помеѓу мене и Хенинг.

„Може сега?“ му вели Амалие на Хенинг.

„Подготвени сте?“

„Сега, како што се договоривме, нели?“ Таа го крева својот телефон за тој да го види времето.

„Добро, ајде.“

Сите тројца се качуваат на сцената. Амалие напред со мали чекори во тесниот фустан. Николине веднаш зад неа, како манекенка, висока и слаба, со шилести чизми и потоа Хенинг. На главата му трепкаат роговите.

Отпивам голтка вампирска крв. Стомакот ми татне од глад, а мокрите чорапи ми ги смрзнуваат стапалата. *Cause we like to party*, пее Бијонсе, мошне лесно ѝ е да го каже тоа.

Филипа и Луси го исвиркуваат исклучувањето на музиката. Завесата на сцената е тргната настрана и инструментите се веќе таму.

Црвената гитара порано беше моја. Не ми се верува дека го натера Емил да им се придружи. Инаку тој е во *вистински* бенд со некој од десетто. Свиреа и на *Немоленд* и на *Бета* и како загревање за *Д Дримс*, а сега тој стои таму, на истрошена дрвена сцена во костим на Дракула, со училишната црвена гитара околу вратот.

Амалие се насмевнува зад микрофонот. Таа го освежила карминот и со двете раце го држи држачот за микрофонот за да се види нејзиниот двоен прстен со лилјак.

„Welcome. Добре дојдовте“, вели таа како да не сме биле тука цело време. Девет години поточно.

Останатите сепак ракоплескаат. Дури и наставниците.

„The first number is called ‘You’. Првата песна се вика ‘Ти’.“ Амалие се врти и дава знак.

Чам удира со стапчињата едно од друго: клак-клак-клак. Емил прецизно го почнува интрото на гитарата. Николине ги крева долгите раце со пеги и стои подготвена на типките, иако речиси и да нема клавијатури во песната.

Амалие ја турка маската нагоре во косата, така што изгледа како да има четири очи. Лилјакот свети и таа пее со американски акцент, иако никогаш не била во САД.

Сè уште не можам да верувам дека таа го донесе Емил со себе. Тие свират премногу гласно и пискливо, а стиховите доаѓаат во погрешен редослед. Амалие вика *hell yeah*, а нејзините колкови се нишаат од една страна на друга во тесниот фустан.

Остатокот од класот скока пред бината. Тие свиркаат и не сфаќаат дека таа го прави тоа *само* за да ми покаже кој е главен.

Николине се приклучува со клавијатурата. Амалие навреме кимнува со главата. Таа го држи микрофонот наизменично со десната и левата рака и изгледа токму како ангелот на смртта.

Но најлошото е што не можам да престанам да ја гледам. Не може да престане да ми се гади во стомакот и да ми недостасува времето кога бевме таму горе. Заедно. Посакувам да можев да *ја мразам*. Да ѝ испраќам исто толку злобни пораки. Да ја заборавам. Но ми се прави грутка во грлото секогаш кога ќе помислам колку се забавувавме.

Хенинг застанува пред мене со стол во рацете. Сините метални ногалки се вртат во круг пред да удрат на подот до мене. Седнува и ги прекрстува нозете.

Роговите светкаат.

Тој кимнува кон сцената. „Онде таму горе недостасува еден."

Јас не одговарам.

„Најдобриот, според мене." Ми намигнува. Барем шепоти.

„Да не си почнала соло?" прашува тој.

Кревам рамена.

„Сигурно дома имаш и подобри инструменти." Тој повторно намигнува. Можеби е заслепен од тие рогови.

Зјапам во бината. Во црвената гитара и четирите очи на Амалие.

Хенинг се наведнува поблиску. „Вети ми дека нема да престанеш? Со правење музика."

Не реагирај, си мислам.

„Разбирам ако не ти е до тоа во моментов. Сигурно те потсетува на многу тешки работи."

Па.

„*And now... our next number... А сега... следната нумера...*" Усните на Амалие се притиснати до крај во микрофонот, како да се обидува да го придуши.

Хенинг мириса на чипс. Тој седи навистина блиску.

„Само кажи ми ако треба да замолчам, во ред?“

*Ако.*

„Мислам, само...“ Тој мора да го повиши гласот за да ја удави верзијата на *Peaceful Sleep* на ангелот на смртта. „Мајка ти беше толку млада и тоа е ужасна болест. Но, понекогаш музиката може... па, дури и ако не ти се свири, може да ги олесни работите.“

Ајде престани, Хенинг. Ти си наставник по музика. Не психолог.

Има овации и аплаузи. Филипа скокна на сцената и замавнува со сребрена пластична секира над главата. Усните ѝ се крваво црвени, оставајќи боја на двата образа на Амалие додека ја бакнува. Се држат за рамена додека го врескаат рефренот.

„Океј“, вели Хенинг, кој конечно ја разбра пораката. „Но запомни дека секогаш можеш да ми се обратиш, добро? Ако има нешто.“

„Фала“, велам. Најмногу затоа што престанува да зборува за мајка ми.

Ме тапка по рамо и седнува до нашата класна раководителка Сесилие, која седи и плеска со двете раце над глава. Посакувам Хенинг да ни беше класен раководител наместо хиперкоректната Сесилие со лошиот вкус за музика и уште полошата свест за ситуации. Иако поминала толку многу курсеви за комуникација сепак не умее да води нормален разговор. Сѐ мора да биде вербално означено и теоретизирано и земено за дискусија на *пленум*. Ако си толку глупав да ѝ кажеш нешто доверливо, биди сигурен дека тоа ќе биде ставено на дневен ред на следниот час, бидејќи важно е да ги *артикулирате* проблемите. Таа никогаш не ја научила уметноста да ја држи устата затворена.

За среќа, го добивме Хенинг по неколку предмети кога стигнавме во 9-то. Всушност, тој функционира повеќе како класен раководител отколку Сесилие. Во секој случај, тој е оној кој најдобро разбира што се случува во класот. И со мене.

Гледам во неговите трепкачки рогови и чувствувам гризење на совеста што никогаш не му одговарам како што треба. Но помислата да бидам искрена ме плаши. Да го исклучам стравот и гневот и сите несреќни мисли и да ризикувам Сесилие да ги изнесе на *пленум* и да предизвика отворена војна во класот.

Тишината е подобра, а убаво е од Хенинг што седна на друго место, па не мора да седам како идиот со педагог за поддршка. Сепак јас изгледам токму така. Како огромен идиот.

„*Miss you sooo much*“, пее Амалие, а потоа не можам повеќе да издржам. Го кревам костимот, игнорирајќи го кршењето на шишето кога вампирската крв паѓа, и минувам низ крцкавиот банер *KEEP OUT*, што требаше да го сфатам сериозно.

Водата тече во школката. Тој звук веќе го имам снимено многу пати со телефонот. Седнувам на штицата и ја повлекувам ролната од тоалетната хартија така што се врти на металната прачка.

Музиката од салата одекнува низ ѕидот. Амалие пее премногу брзо. Стиховите воопшто не треба да звучат така. Но можеби намерно ја уништува песната што требаше да биде наш прв заеднички сингл. Имавме толку големи соништа. Сега Амалие ги уништи и соништата и текстот на мојата песна.

Се потпирам на казанчето и го вадам телефонот од џебот. Ја пуштам играта *Angry Birds*, прво ниво. Силно го повлекувам чаталот. Птицата број еден се издигнува низ воздухот и се урива на земја.

*Резултат: 0*

Се обидувам да ги игнорирам музиката, слаткиот глас на Амалие, аплаузот. Овој пат го повлекувам чаталот уште поназад. Птицата виси и креска.

Зошто мора така да ги изговара зборовите? *Lofe* наместо *love*. *Yo* наместо *you*. Извици и стенкања каде што треба да има тивки, инструментални делови.

Ааааа, втората птица лета високо во воздух. Не погодува ништо. Само бесцелно удира наземи.

*Резултат: 0*

Крајот на песната требаше да биде со чувства. Таа речиси ги извикува зборовите.

Стела: Ако сум толку без талент, тогаш пишувај си свои песни!

Пораката никогаш не стигнува до прстите. На екранот на телефонот пишува:

*Резултат: 0*

*Не го поминавте нивото*

Се слушаат аплаузи и свирежи. Некој вреска: *Амалие*!

Ја исклучувам играта. Повторно посегнувам по тоалетната ролна.

Амалие невоздржано продолжува. Таа ги именува сите во бендот. Прави мала пауза по секое име за да можат луѓето да плескаат. Таа дури и вели *thank you, фала* со аматерски изговор. Искрено, претставувањето на соучениците пред соучениците по девет години школување треба да биде излишно. Но таква е Амалие: претерано се експонира и ги копира глупавите реплики од американските ТВ-реклами ад либитум.

Кога бевме другарки, мислев дека е кул со нејзиното невоздржано претерување во сè. Сега ме потсетува на една долга епизода од *Американски идол*.

Ги приклучувам слушалките во телефонот и пребарувам низ плејлистите. *Smashing Pumpkins*. Совршено за моментот. Го повлекувам костимот на дух нагоре околу рамената и се качувам на тоалетната школка. Помеѓу ѕидот и таванот има простор каде можам да ги ставам рацете. Се држам за грубиот раб и се оставам да висам со цела тежина.

*Yesterday the sky was you. And I still feel the same. Вчера ти беше небото. И денес исто се чувствувам.* Се повлекувам нагоре, така што со главата го допирам таванот. Се